


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ОБРАЗОВАНИЕ ВО „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

Основното училиште ,,Владо Тасевски“ од Општина Карпош, денеска прослави јубилеј - 60 години постоење. Училиштето кое своето име го добило по македонскиот револуционер од Втората светска војна, кој херојски го загубил животот во битка со окупаторот, шест децении создава образовани кадри кои денес се познати и признати општествени личности.

По тој повод, во присуство на претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, секретарот на локалната самоуправа Бојан Милошевски, директорката на училиштето Елка Даскалова, сегашниот и поранешен наставен кадар, родителите и други гости, учениците изведоа неколку пригодни точки. Во училиштето беа претставени и ликовни творби, изработени од самите ученици, а беше презентиран и краток видео запис со кој се прикажа историјатот на оваа образовна институција. Исто така, со рецитали, песнички и хорски изведби, основците го одбележаа својот патронен празник, на кој, директорката Елка Даскалова истакна дека се особено горди.

- Денеска е голем празник за нашето училиште, бидејќи одбележуваме шест децении постоење. Владо Тасевски е училиште кое може да биде гордо на своите генерации ученици, зашто денес тие се успешни доктори, правници, економисти и општествено реализирани личности. Се трудиме постојано да се надоградуваме, поради тоа што современите технологии бараат помодерен пристап во наставно - образовниот процес. За таа цел, нашите образовни кадри постојано се усовршуваат, се со цел да им пренесат што поквалитетно знаење на своите ученици, нагласи Даскалова.

Владо Тасевски е училиште од Карпош, чиишто ученици, добивале награди на многу градски и државни натпревари по математика, биологија, географија, историја и други наставни предмети.






МОРАЛНИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ"
60 ГОДИНИ ООУ


Тасевски
60

# ЗБОГАТЕН БИБЛИОТЕЧНИОТ ФОНД ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

Во рамки на проектот на Министерството за култура, минатата недела во сите десет основни училишта на територија на Општина Карпош, се поделија околу две илјади книги со различна содржина и тематика. Оваа донација има за цел, да го зголеми книжевниот опус во училишните библиотеки. Основците од Карпош, на овој начин ќе имаат полесен пристап до книжевните класици, односно до „Ѕвездите на светската книжевност", кои се преведени на македонски јазик.

Учениците ќе се запознаат со популарните едиции од областа на светската белетристика, вбројувајќи и голем број на есеи, патописи, мемоари, како и класици на филозофијата, епистоларната литература и естетиката. Објавувањето на овие преводи на дела од светската литература претставува континуитет во заложбите да се збогати македонскиот книжевен корпус и на тој начин, да се прошират сознанијата на младите генерации во духот со најдобрите традиции на светската и европската цивилизација.





# ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА ВО ЧЕСТ НА ЧЕШКАТА КУЛТУРА

Во холот на ООУ „Јан Амос Коменски“, отворена е ликовна изложба по повод Деновите на чешката култура. Оваа недела, љубителите на уметноста ќе може да ги погледнат творбите од талентираните македонски сликари-учесници на Меѓународниот детски ликовен центар „Лидице“.

Во таа насока, училиштето го посети чешкиот амбасадор Мирослав Рамеш, а најмладите ученици му подарија рачно изработени подароци од самите нив. Соработката помеѓу чешката амбасада и училиштето е долгогодишна традиција.

Во текот на неделата ќе се реализираат и работилници за учениците од одделенска и предметна настава од страна на лектор по чешки јазик од УКИМ, Здењек Андрле. Целта на работилниците е да се презентира природната убавина на Република Чешка, нејзините знаменитости, чешкиот јазик, музиката, танцот и културата.






# ШАХОВСКАТА ЕЛИТА ПОВТОРНО ВО КАРПОШ

Утре, сабота (01.04.2017 година), со почеток во 16 часот, свечено ќе се отвори VII-от по ред Меѓународен шаховски турнир „Опен Карпош-2017“. Под покровителство на Општина Карпош, а во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, овој турнир во „најмислечката игра“ кој прераснува во светски бренд од највисок ранг, ќе трае цела недела, односно од 1 до 8 април. Традиционално, турнирот ќе се одржи во хотелот „Александар Палас“, а официјално за отворен ќе го прогласи градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.

На овој голем шаховски настан во Карпош кој се вбројува меѓу топ десетте кои се организираат во Европа ќе учествуваат над 200 високо рангирани шахисти, велемајстори и интернационални мајстори од 30 земји.

Шаховскиот турнир во наредните седум дена ќе се одигра во девет кола. Во недела на 2 април ќе се одиграат две кола од 9.30 часот и од 17 часот, а потоа секој нареден ден натпреварувањата ќе почнуваат од 17 часот. Турнирот ќе се игра според правилата на Швајцарскиот систем во девет кола. Играчите ќе имаат на располагање 90 минути за повлекување на 40 потези и 30 минути до крајот на партијата со 30 секунди по потег, броејќи од првиот потег. Наградниот фонд за шаховскиот турнир изнесува 10.200 евра, а за најдобриот шахист за оваа година наградата изнесува 2.000 евра.



# НАЈМАЛИТЕ ДЕЧИЊА ОД „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ ГО ПРЕЧЕКАА ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Принцезички, невести, спајдермени, бетмени, каратисти и многу други креативни маски, продефилираа на денешната првоаприлска забава во градинката „Орце Николов“ во Карпош 3.

Насмеани и весели детски насмевки беше сликата која можеше да се забележи во дворот преполн со најмладите жители на Карпош. Со детски песнички и кореографии одиграни од децата беше одбележан Денот на шегата, 1-ви април, а топлото сонце ги милуваше среќните лица на најмладите кои уживаа во веселата прослава.

Директорката на градинката „Орце Николов“, Савка Ковачевска со задоволство напомена дека оваа весела атмосфера ја надополнија и првачињата од ООУ „Лазо Трповски“ со нивната посета која секоја година традиционално го одбележуваат овој ден.

- Со оглед на тоа дека оваа градинка ја има на три локации, Карпош 2, Карпош 3 и Карпош 4, ова е единствената градинка на територијата на локалната самоуправа која на ваков шеговит и шарен ден ги кани првачињата од најблиските училишта до градинките, да ја збогатат и разубават атмосферата на нивните помали другарчиња – заврши Ковачевска.











# СВЕТСКИТЕ ШАХИСТИ ПОВТОРНО ВО КАРПОШ

„Ми претставува огромно задоволство, што седми пат по ред го прогласувам за отворен шаховскиот турнир „Опен Карпош 2017“. Гледам дури врвни шахисти кои исто толку пати учествуваат на ова респектабилно шаховско натпреварување“. Со овие зборови градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски го означи стартот на Меѓународниот шаховски турнир „Опен Карпош 2017“. Овој турнир под покровителство на локалната самоуправа, а во организација на „Гамбит Асеко СЕЕ“ , ќе се одржува во хотелот „Александар Палас“ цела седмица, од 01 до 08 април. Преку 200 реномирани врвни шахисти, интернационални и веле мајстори, како и ФИДЕ мајстори, ќе се натпреваруваат за главната награда од 2.000 евра, додека целокупниот награден фонд на годинешниот турнир изнесува 10.200 евра.

-Традиционално продолжуваме, и можам слободно да кажам дека „Опен Карпош“, освен што претставува најдобар шаховски турнир во Република Македонија, тој по сите светски шаховски ранг листи, е вброен меѓу десетте најреномирани турнири од овој вид на стариот континет, т.е во Европа. Ви посакувам успешна игра и со мудри и трпеливи потези да ги одиграте натпреварите, и секако, нека победи најдобриот, истакна градоначалникот Јакимовски.

Шаховскиот турнир, ќе се одигра во девет кола. Во недела, на 02 април ќе се одиграат две кола со почеток од 09.30 и 17.00 часот , а потоа секој ден, натпреварувањата ќе започнуваат од 17:00 часот.Турнирот ќе се игра според правилата на Швајцарскиот систем. Играчите ќе имаат на располагање по 90 минути за повлекување на 40 потези и 30 минути до крајот на партијата со 30 секунди по потег, броејќи од првиот потег. На овој седми турнир по ред на „најмислечката игра“ во Карпош, свои шаховски репрезенти ќе имаат вкупно 31 земја од целиот свет.







